# ОПШТИНА КРАТОВО
# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА КРАТОВО

*Број 7 Година 2022*
*01.07.2022 година*
*Кратово*

*Претплата за 2022 година*
*износува ______________ денари*
*Тек. Сметка бр. ______________*

**Содржина** **Стр.**

- Заклучок за објавување на Одлука за давање согласност на измената и дополнувањето на Годишниот план за вработување за 2022 година на Јавното Претпријатие за комунални работи и инфраструктура "Кратово"-Кратово ........ 1
- Одлука за давање согласност на измената и дополнувањето на Годишниот план за вработување за 2022 година на Јавното Претпријатие за комунални работи и инфраструктура "Кратово"-Кратово ........ 1
- Заклучок за објавување на Одлука за формирање на Совет за женско претприемништво при Општина Кратово........ 2
- Одлука за формирање на Совет за женско претприемништво при Општина Кратово ........ 2
- Заклучок за објавување на Одлука за доделување на помош од буџетот на Општина Кратово ........ 3
- Одлука за доделување на помош од буџетот на Општина Кратово ........ 3, 4
- Заклучок за објавување на Одлука за поддршка и давање на приоритет на проектот: ОСНОВЕН ПРОЕКТ ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛЕН ПАТ ВО СЕЛО КУКЛИЦА-ОПШТИНА КРАТОВО ........ 4
- Одлука за за поддршка и давање на приоритет на проектот: ОСНОВЕН ПРОЕКТ ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛЕН ПАТ ВО СЕЛО КУКЛИЦА-ОПШТИНА КРАТОВО ........ 4
- Заклучок за објавување на Одлука за поддршка и давање на приоритет на проектот: ОСНОВЕН ПРОЕКТ ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛЕН ПАТ-КРАК ОД с.ТАЛАШМАНЦЕ М.В. БАБИЦА ДО РЕГИОНАЛЕН ПАТ П1205 ОД km1+740,50 до km2+928,52 ВО ДОЛЖИНА ОД 1188,02 МЕТРИ ....... 5
- Одлука за поддршка и давање на приоритет на проектот: ОСНОВЕН ПРОЕКТ ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛЕН ПАТ-КРАК ОД с.ТАЛАШМАНЦЕ М.В. БАБИЦА ДО РЕГИОНАЛЕН ПАТ П1205 ОД km1+740,50 до km2+928,52 ВО ДОЛЖИНА ОД 1188,02 МЕТРИ ........ 5

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002), а согласно член 31 од Пречистен текст на Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.10/2019), Градоначалникот на општина Кратово на ден 01.07.2022 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за давање согласност на Измената и дополнувањето на Годишниот план за вработување за 2022 година на Јавното претпријатие за комунални дејности и инфраструктура "Кратово"-Кратово**

**1.Се објавува: Одлука за давање согласност на Измената и дополнувањето на Годишниот план за вработување за 2022 година на Јавното претпријатие за комунални дејности и инфраструктура "Кратово"-Кратово бр.09-972/1** донесена од страна на советот на општина Кратово на седницата одржана на 30.06.2022 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.09-980/1 **Градоначалник**
01.07.2022 г. **на Општина Кратово**
Кратово Тодорче Николовски, с.р.

Врз основа на член 20-б став (2) од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на РМ" бр.27/14, 199/214, 27/16, 35/18 и 198/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.143/19 и 14/20), член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), а согласно членовите 15 и 20 од Пречистен текст на Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.10/2019), Советот на општина Кратово на седницата одржана на 30.06.2022 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за давање согласност на Измената и дополнувањето на Годишниот план за вработување за 2022 година на Јавното претпријатие за комунални дејности и инфраструктура "Кратово"-Кратово**

**Член 1**

Со Одлуката Советот на општина Кратово дава согласност на Измената и дополнувањето на Годишниот план за вработување за 2022 година на Јавното претпријатие за комунални дејности и инфраструктура "Кратово" - Кратово бр.03-665/1 од 17.06.2022 година усвоен со Одлука на Управниот одбор на Јавното препријатие бр.02-677/1 од 22.06 2022 година

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен Гласник на Општина Кратово".

09-972/1 **Претседател**
30.06.2022 г. **на советот на Општина Кратово**
Кратово Весна Петрова, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002), а согласно член 31 од Пречистен текст на Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.10/2019), Градоначалникот на општина Кратово на ден 01.07.2022 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за формирање на Совет за женско претприемништво при Општина Кратово**

**1.Се објавува: Одлука за формирање на Совет за женско претприемништво при Општина Кратово бр.09-973/1** донесена од страна на советот на општина Кратово на седницата одржана на 30.06.2022 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.09-981/1
01.07.2022 г.
Кратово

**Градоначалник**
**на Општина Кратово**
Тодорче Николовски, с.р.

Врз основа на член 32 став 2 и член 36 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), а согласно членовите 15 и 20 од Пречистен текст на Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.10/2019), Советот на општина Кратово на седницата одржана на 30.06.2022 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за формирање на Совет за женско претприемништво при Општина Кратово**

**Член 1**

Со Одлуката Советот на општина Кратово формира Совет за женско претприемништво при Општина Кратово кој се состои од 7 (Седум) членови.

За членови на Советот за женско претприемништво се именуваат:

1. Весна Петрова
2. Нина Спирова
3. Маја Јакимова
4. Радмила Стојкова Китанова
5. Магдалена Арсовска
6. Виолета Апостолова и
7. Македонка Ангеловска

**Член 2**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен Гласник на Општина Кратово".

09-973/1
30.06.2022 г.
Кратово

**Претседател**
**на советот на Општина Кратово**
Весна Петрова, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002), а согласно член 31 од Пречистен текст на Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.10/2019), Градоначалникот на општина Кратово на ден 01.07.2022 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за доделување на помош од Буџетот на Општина Кратово**

**1.Се објавува: Одлука за доделување на помош од Буџетот на Општина Кратово бр.09-974/1** донесена од страна на советот на општина Кратово на седницата одржана на 30.06.2022 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.09-982/1
01.07.2022 г.
Кратово

**Градоначалник**
**на Општина Кратово**
Тодорче Николовски, с.р.

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а согласно Правилникот за критериуми за доделување на помош од буџетот на Општина Кратово бр.09-745/2 ("Службен Гласник на Општина Кратово" бр.6/2019 и 7/2019) и членовите 15 и 20 од Пречистен текст на Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на Општина Кратово" бр.10.2019), Советот на Општина Кратово на седницата одржана на ден 30.06.2022 година расправајќи по Барањето бр.09-661/1 од 26.04.2022 година на Панче Додевски со адреса на живеење во село Трновац, Општина Кратово, Кратово, а на предлог на Комисијата за давање на предлог за доделување на помош од Буџетот на општина Кратово ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за доделување на помош од буџетот на Општина Кратово**

**Член 1**

Со одлуката Советот на Општина Кратово го прифаќа Барањето бр.09-661/1 од 26.04.2022 година поднесено до Општина Кратово од Панче Додевски со адреса на живеење во село Трновац, Општина Кратово за доделување на парична помош за лекување.

За таа цел согласно предлогот на Комисијата за давање на предлог за доделување на помош од буџетот на општина Кратово на барателот му се одобруваат финансиски средства во вкупен бруто износ од 6.000,00 (Шест илјади) денари согласно Правилникот за критериуми за доделување на помош од буџетот на Општина Кратово бр.09-745/2 ("Службен Гласник на Општина Кратово" бр.6/2019 и 7/2019).

**Член 2**

За реализација на оваа Одлука се овластува Градоначалникот на Општина Кратово да изготви Решение за реализација на доделената помош преку Програмата А0-Совет на Општина, ставка 471-Социјални надоместоци од Буџетот на Општина Кратово за 2022 година".

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен Гласник на Општина Кратово".

09-974/1 **Претседател**
30.06.2022 г. **на советот на Општина Кратово**
Кратово Весна Петрова, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002), а согласно член 31 од Пречистен текст на Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.10/2019), Градоначалникот на општина Кратово на ден 01.07.2022 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за поддршка и давање на приоритет на проектот: ОСНОВЕН ПРОЕКТ ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛЕН ПАТ ВО СЕЛО КУКЛИЦА-ОПШТИНА КРАТОВО**

**1.Се објавува: Одлука за поддршка и давање на приоритет на проектот: ОСНОВЕН ПРОЕКТ ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛЕН ПАТ ВО СЕЛО КУКЛИЦА-ОПШТИНА КРАТОВО бр.09-975/1** донесена од страна на советот на општина Кратово на седницата одржана на 30.06.2022 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.09-983/1 **Градоначалник**
01.07.2022 г. **на Општина Кратово**
Кратово Тодорче Николовски, с.р.

Врз основа на член 22 став (1) точка 4, член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), а согласно членовите 15 и 20 од ("Пречистен текст на Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.10.2019), а во врска со Единица за имплементирање на проекти (Проект за рехабилитација и подобрување на патиштата) на Министерството за транспорт и врски Советот на општина Кратово на седницата одржана на 30.06.2022 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за поддршка и давање на приоритет на проектот: ОСНОВЕН ПРОЕКТ ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛЕН ПАТ ВО СЕЛО КУКЛИЦА-ОПШТИНА КРАТОВО**

**I.** Со Одлуката Советот на општина Кратово го поддржува и му дава приоритет на проектот: ОСНОВЕН ПРОЕКТ ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛЕН ПАТ ВО СЕЛО КУКЛИЦА-ОПШТИНА КРАТОВО.

**II.** Оваа Одлука за поддршка и приоритет на проектот се донесува за аплицирање при Министерството за транспорт и врски-Единица за имплементација на проекти (Проект за рехабилитација и подобрување на патиштата), а со цел истата да послужи за спроведување на проектот наведен погоре во оваа Одлука.

**III.** Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

09-975/1 **Претседател**
30.06.2022 г. **на советот на Општина Кратово**
Кратово Весна Петрова, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002), а согласно член 31 од Пречистен текст на Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.10/2019), Градоначалникот на општина Кратово на ден 01.07.2022 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за поддршка и давање на приоритет на проектот: ОСНОВЕН ПРОЕКТ ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛЕН ПАТ- -КРАК ОД с.ТАЛАШМАНЦЕ М.В. БАБИЦА ДО РЕГИОНАЛЕН ПАТ П1205 ОД км1+740,50 до км2+928,52 ВО ДОЛЖИНА ОД 1188,02 МЕТРИ**

**1.Се објавува: Одлука за поддршка и давање на приоритет на проектот: ОСНОВЕН ПРОЕКТ ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛЕН ПАТ-КРАК ОД с.ТАЛАШМАНЦЕ М.В. БАБИЦА ДО РЕГИОНАЛЕН ПАТ П1205 ОД км1+740,50 до км2+928,52 ВО ДОЛЖИНА ОД 1188,02 МЕТРИ бр.09-976/1** донесена од страна на советот на општина Кратово на седницата одржана на 30.06.2022 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.09-984/1
01.07.2022 г.
Кратово

**Градоначалник**
**на Општина Кратово**
Тодорче Николовски, с.р.

Врз основа на член 22 став (1) точка 4, член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), а согласно членовите 15 и 20 од ("Пречистен текст на Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.10.2019), а во врска со Јавен повик бр.09/2022 за доставување на барања за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2022 година на Агеницијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој врски Советот на општина Кратово на седницата одржана на 30.06.2022 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за поддршка и давање на приоритет на проектот: ОСНОВЕН ПРОЕКТ ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛЕН ПАТ- -КРАК ОД с.ТАЛАШМАНЦЕ М.В. БАБИЦА ДО РЕГИОНАЛЕН ПАТ П1205 ОД км1+740,50 до км2+928,52 ВО ДОЛЖИНА ОД 1188,02 МЕТРИ**

**I.** Со Одлуката Советот на општина Кратово го поддржува и му дава приоритет на проектот: ОСНОВЕН ПРОЕКТ ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛЕН ПАТ-КРАК ОД с.ТАЛАШМАНЦЕ М.В. БАБИЦА ДО РЕГИОНАЛЕН ПАТ П1205 ОД км1+740,50 до км2+928,52 ВО ДОЛЖИНА ОД 1188,02 МЕТРИ.

**II.** Оваа Одлука се донесува со цел аплицирање по Јавниот повик бр.09/2022 за доставување на барања за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2022 година на Агеницијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, а истата да послужи за спроведување на проектот наведен погоре во оваа Одлука.

**III.** Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

09-976/1
30.06.2022 г.
Кратово

**Претседател**
**на советот на Општина Кратово**
Весна Петрова, с.р.